Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 95, 24 јануари 2013 година

јануари 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научна област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на диксконтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област туристичка промоција Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент/насловен вонреден професор во научната област Казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-867/4 од 14.12.2012 година донесена на 88-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 14.12.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***туристичка промоција*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 7.12.2012 г. и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Соња Ризоска Јовановска.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 142 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Соња Ризоска-Јовановска** е родена 22 јануари 1969 година во Штип. Основно и средно насочено образование завршува во Штип. Во учебната 1986/1987 година се запишува на Природно-математичкиот факултет на групата Географија, отсек Етнологија. Во учебната 1993/1994 дипломира на тема „*Божикните обичаи во Прилеп, Прилепско и Мариово*", под менторство на проф. д-р Анета Светиева. Во учебната 1994/1995 година се запишува на постдипломските студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Институтот за социологија, во групата Социологија на етнички групи, под раководство на проф. д-р Марија Ташева.

На 29.10.1999 година со одбрана на магистерскиот труд „*Етнички и религиски хетерогеното село како обредно - религиска заедница: по примерот на селотоДебреште*" се здобива со академски степен магистер по социолошки науки на групата Социологија на етнички групи. По завршувањето на магистратурата и согласно со објавениот конкурс на Институтот за старословенска култура - Прилеп, како и врз основа на рецензијата во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, на 25.2.2000 година се здобива со звањето асистент - истражувач.

Во март 2000 година ѝ е одобрена темата „*Забраните во мултиетничките и мултирелигиските селски заедници" (по примерот на о. Долнени, Прилепско*, под менторство на д-р Марија Ташева. Докторира на 18.12.2003 година, со одбрана на докторската дисертација и се здобива со академски степен доктор по социолошки науки.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 1996 година е вработена во Институтот за старословенска култура – Прилеп (ИСК) како помлад асистент – истражувач. Во 2000 година е избрана во звање асистент – истражувач во ИСК - Прилеп.

Во 2004 година е избрана во звање научен соработник во ИСК – Прилеп, а во 2006 година е избрана во раководител на Одделението за етнологија и фолклористика во истоимената институција.

Во 2007 година е избрана во звањето виш научен соработник во ИСК –Прилеп.

Во 2008 година е вработена на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (УТМС) и е избрана во звање доцент во областа туризмологија.

Во 2009 година е избрана во звањето вонреден професор на УТМС во областа туризмологија.

Во 2010 година е вработена во МИТ универзитет како вонреден професор во областа туризмологијата.

Во 2011 година е избрана за декан на Факулетот за менаџмент на еколошки и рурален туризам.

За време на работата во Институтот за старословенска култура е вклучена во следниве научноистражувачки проекти:

1. ***Научноистражувачки проекти***

1.1 Проект: „Речник на митовите на традиционалната култура на Македонците", 1998 - 2000 (соработник). http://www.isk.edu.mk/article/mk/proekti-za-etnologija-i-etnogeneza/

1.2 Проект: „Јозеф Обрембски - еден од најистакнатите странски истражувачи на народната култура на Македонците" 2001 – 2013 (соработник). http://www.isk.edu.mk/article/mk/proekti-za-etnologija-i-etnogeneza/

2. ***Учество на конференции, семинари и студиски престои***

2.1. **Соња Јовановска:** „Идентитетот на исламизираните Македонци", Меѓународен симпозиум на франкофоните: *Транзиција и промени во општеството,* 15-18 март, Охрид, 2000 година;

2.2. **Соња Јовановска:** „Положбата на жените меѓу стереотипните норми на однесување и процесот на модернизација во хетерогените селски заедници (по примерот на с. Дебреште, Прилепско)", Интернационална тркалезна маса: *Обичај и закон на Балканот,* февруари 2002, Благоевград;

2.3. **Соња Јовановска:** „Сфаќањето на *улогата на забраните во фолклорните и етнографските материјали на Јозеф Обрембски*", Меѓународен симпозиум: *70 години од истражувањето на Јозеф Обрембски во Порече,* септември 2002, Самоков;

2.4. **Соња Јовановска:** *„Улогата на забраните во традиционалната култура на Македонците (заштитата од митските и демонските суштества во првите 40 дена од раѓањето на детето)",* Седми меѓународен научен симпозиум: *Митскиот и демонскиот свет, култните места и објекти во духовната и материјалната култура,* август 2001/2002, Сврљиг;

2.5. **Соња Јовановска:** *Теренските истражувања во мултиетничките и мултирелигиските селски заедници (по примерот на о.Долнени).* Осми меѓународни научни симпозиум, Сврљиг, 2004, 109-114;

2.6. **Соња Јовановска:** *„Влијанието на институцијата соседство во културната политика на Балканот",* Културни и етнички односи на Балкану-могучности регионалне и европске интеграције, во организација на Филозофски факултет-Универзитет во Ниш, Институт за социологија, октомври 2004;

2.7. **Sonja Jovanovska:** *„Културниот плурализам во Р. Македонија - перспектива или бариера во геокултурниот развој на современиот Балкан",* Културни и етнички односи на Балкану-могучности регионалне и европске интеграције, во организација на Филозофскиот факултет - Универзитет во Ниш, Институт за социологија, јуни 2005;

2.8. **Соња Јовановска:** *„Положбата на жената во Р.Македонија во постсоцијалистичкиот период",* Свакодневна култура у постцоцијалистичком периоду, во организција на ЕИ при САН И ЕИ при БАН, Зрењанин, 2005;

2.9. **Соња Јовановска** ***и др.:*** *„Општествените промени на Балканот и нивното влијание врз статусот, улогата и положбата на жената”,* Меѓународниот научен собир: *Социологијата и општествените промени,* во организација на Филозофскиот факулет, Институт за социологија, 2005;
2.10. **Соња Јовановска:** „Визуализацијата на културата - една од алтернативните форми за развој на туризмот”, Меѓународен симпозиум Туризмот во 21 век - организатор - Факултет за туризам – Скопје, 20-21 септември 2008;
2.11. S. Jovanovska et.al: The interdisciplinary approach – A Crucial method for tourism development, Global security and challenges of the 21st Centry, MIT Univerzity, Skopje, June, 2012.

**3.** ***Членство во институтски орган, комисија***
3.1. Член на меѓународното жири на 13 - ти интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Београд, 2004;
3.2. Член на меѓународното жири на 14 - ти интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Београд, 2005;
3.3. Член на меѓународното жири на 15 - ти интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Београд, 2006;
3.4. Член на меѓународното жири на 16 - ти интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Београд, 2007.

**4.** ***Објавени книги, делови од книги и речник***
4.1. **Соња Јовановска:** *„Забраните во мултиетничките и мултирелигиските селски заедници во Прилепско”,* 2 Август - Штип, Штип 2005;
4.2. Т. Вражиновски, **Соња Јовановска**, Владимир Караџоски: Јозеф Обремски, *Фолклорни и етнографски материјали од Порече*, ИСК - ММ, Скопје - Прилеп, 2001;
4.3. Т. Вражиновски, В. Караџоски, **Соња Јовановска:** *Јозеф Обрембски - значаен истражувач на народната култура на Македонците*, Матица Македонска, Скопје, 2006.
4.4. Т. Вражиновски, С. Зоговиќ, В. Караџоски, **Соња Јовановска** и Б.Ристовска Јосифовска*, Речник на народната митологија на Македонците*, ИСК-ММ, 2000, Прилеп-Скопје, ИСК - ММ, Скопје - Прилеп, 2000.

**5.** ***Научни трудови, стручни трудови и работни трудови***
5.1. **Соња Јовановска:** *Етно-култоролошки зборник за проучавање културе Источне Србије и суседних области*, књ. I, Сврљиг 1995, Балканославика, бр. 22-24, ИСК-Прилеп, 1995-97, 213-216 (приказ);
5.2. **Соња Јовановска:** *Етно-култоролошки зборник за проучавање културе источне Србије и суседних области*, књига III, Сврљиг 1997, Балканославика, бр. 25, ИСК-Прилеп, 1998, 263- 266 (приказ);
5.3. **Соња Јовановска:** *Етно-култоролошки зборник за проучавање источне Србије и суседних области*, књига IV, Сврљиг, 1998, Балканославика, бр. 26-27, Иск-Прилеп, 2000, 222- 226 (приказ);
5.4. **Соња Јовановска:** *Етно-култоролошки зборник за проучавање источне Србије и суседних области, књига I, Сврљиг 1995,* Етно-културолошки зборник за проучавање источне Србије, књ. В, Сврљиг, 1999, стр. 285-288;
5.5. **Соња Јовановска:** Промените во обредната практика сврзани со свадбениот обреден комплекс кај исламизираните Македонци (по примерот на с. Дебреште), Македонски фолклор, ИФ, 2002, стр. 157-173;
5.6. **Соња Јовановска:** *Обредната практика за време на славењето на Ѓурѓовден во с. Дебреште*, Балканославика, бр. 30-31, ИСК- Прилеп, Прилеп 2002, стр. 73-85;

5.7. **Сoња Јовановска:** *Забраните поврзани со бременоста,* Балканославика, бр. 32-33, ИСК- Прилеп, Прилеп 2003, 59-71;
5.8. **Соња Јовановска:** *Визуелизацијата на културата-една од алетрнативните форми за развој на туризмот,* Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век" - Факултет за туризам - Скопје, 2008, стр.687-693.

6. ***Одржани предавања по покана, музички настап на официјален концерт, изложби и учество на светски фестивали на етнолошки и антрополошки филм***
6.1. **Соња Јовановска** - автор на самостојна изложба на фотографии на Кањон Матка насловена како „МОЌ МИСТИЧНА " – туристичка промоција на природното и културното наследство на Кањон Матка, 2012.
6.2. **Соња Јовановска** автор на Филм „*ПРИЛЕПСКИ МЕЧКАРИ"* , Учество на 15 интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, во соработка со Хрватска, а производство на МАКРО продукција, во кој Соња Ризовска-Јовановска е автор на филмот, сценарист и режисер заедно со Иво Кузманиќ од Загреб. За филмот е освоена прва награда за странски филм и диплома за исклучителен придонес во етнолошкиот филм, Београд 2006 год.
6.3. **Соња Јовановска** - продукција и постпродукција на антрополошкиот филм „МЕЧКАРСКИ ТАБУ", во соработка со Хрватска, производство на МАКРО продукција, во кој Соња Ризовска-Јовановска е менаџер, автор на филмот, сценарист и режисер заедно со Иво Кузманиќ од Загреб, 2007.
6.4. **Соња Јовановска** - менаџер, продуцент, коавтор, косценарист и корежисер на документарниот филм „*МОЌ",* во продукција на Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје, 2008 год.
6.5. **Соња Јовановска** - менаџер, продуцент, автор, сценарист, режисер и продуцент на документарниот филм „ЗАРОДИШ", во продукција на МАКРО С филм. Проектот е финансиран од Град Скопје. Менаџер на организирање на промоцијата како културен настан – во Програмата на Град Скопје за Одбележување на ослободувањето на Град Скопје на 13 ноември 2010.
6.6. **Соња Јовановска** - менаџер, продуцент, автор, сценарист, режисер и продуцент на документарниот филм: ЧУВАРИ НА ВРЕМЕТО, проектот е финансиран од Министерството за култура на РМ, 2010.

7. ***Сертификати и награди***
7.1. Соња Јовановска има освоено прва награда како автор на странски филм „*ПРИЛЕПСКИ МЕЧКАРИ"*, на учество на 15. интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Белград, 2006.
7.2. Соња Јовановска има добиено диплома за исклучителен придонес во етнолошкиот филм со филмот „*ПРИЛЕПСКИ МЕЧКАРИ"*, на учество на 15. интернационален фестивал на етнолошки и антрополошки филм, Белград, 2006.
7.3. Соња Јовановска има добиено плакета за учество на 4-та меѓународна ревија на документарни и етно филмови „Александар Саша Петровиќ" од Специјалната болница за рехабилитација „Бања Ковиљака", 2007.

Добиените теоретски сознанија, теренските истражувања, учеството во проекти, кадидатката д-р Соња Ризоска-Јовановска ги има применето во научноистражувачка дејност, при што е автор/коавтор на научни трудови, стручни трудови и работни трудови објавени во специјализирани списанија, како и автор на документарни филмови со научноистражувачка дејност, а наменети за туристичка промоција на македонската култура. Добиените резултати од своите истражувања, кандидатката ги има прикажано

пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири, како и меѓународни филмски етнолошки, туристички и антрополошки фестивали.

Од приложената документација се гледа дека поширокиот интерес на кандидатката е од областа на туристичката промоција на културата, мултикултурата, т. е. визуализација на културата, додека потесниот научен интерес ги покрива областите на промотивните активности во туризмот, религиозен туризам, културно наследство во Р. Македонија, менаџирање на човечките ресурси за промоција на локалната култура и создавање на одржлив развој на туризмот, културен туризам, етнопсихологија, антропологија и психологија, визуелна антропологија, социологија на туризам, социологија на етнички групи, материјална и духовна култура. Од доставените материјали јасно се гледа дека кандидатката има покажано завиден интерес за научна и стручна работа, како и репрезентативен материјал за промоција на туризмот, за промоција на културата и мултикултурата. За тоа говорат списокот на награди, признанија, учество на меѓународни филмски фестивали ширум светот, вклученост во проекти и списокот на објавени трудови, кои се поткрепени со приложена документација. Покрај овој ангажман, кандидатката континуирано ја работи редовната научноистражувачката работа поврзана со тековните проекти, вршејќи теренски истражувања на народната култура на Македонците и во компарација со другите балкански народи и етнички групи. Ваквото теренско искуство ѝ овозможило на кандидатката д-р Соња Ризоска-Јовановска да се зафати и со визуализација на културата (продукција и постпродукција), која е насочена кон туристичка промоција на многу значајни елементи, симболи од културата на овие простори, но и со визуализација на природното и културното наследство, со што е комплетен автор (сценарио и режија) на девет документарни филмови, од кои пет се насочени кон комплементарна туристичка промоција. Во таа смисла кандидатката преку афирмација на ваквите документарни филмови ја афирмира и македонската култура на Р. Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Соња Ризоска-Јовановска ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има соодветно образование, многубројни признанија, дела и се афирмира преку научните и стручните трудови објавени во земјава и во странство, како и преку документарните филмови за туристичка промоција на македонската култура.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере кандидатката д-р Соња Ризоска-Јовановска за насловен доцент за наставно-научната област туристичка промоција** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Елизабета Митрева - доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Никола Димитров - доцент, член, с.р.**

**Д-р Дејан Методијевски - доцент, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Соња Ризоска-Јовановска, доктор по социолошки науки, според критериумите за избор во знање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странс-тво** | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга<br>- Точки: 4.1, 4.2 и 4.3. | 3*10 | | 30 |
| 3 | Речник<br>- Точка: 4.4. | 1*4 | | 4 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт<br>- Точки: 6.1.и 6.2. во странство<br>- Точки: 6.3,6.4,6.5,6.6. во земјава | 4*2 | 2*4 | 16 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат<br>- Точки: 2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 2.6, 2.7, 2.8, 2.9, 2.10, 2.11 | 8*2 | 3*2 | 22 |
| 10. | Одбранета докторска теза | | 8 | 8 |
| 11. | Одбранета магистерска работа | | 4 | 4 |
| 13. | Учесник на научен проект<br>- Точки: 1.1 и 1.2. | 2*2 | | 4 |
| | **Вкупно:** | **88** | | |

| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странс-тво** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>- Точки: 5.1, 5.2,5.3,5.4,5.5,5.6,5.7 и 5.8. | 8*2 | | 16 |
| 19. | Стручни награди и признанија<br>- Точка: 7.1, 7.2 и 7.3. | | 3*8=24 | 24 |
| 29. | Член на институтиски орган, комисија<br>- Точки: 3.1, 3.2, 3.3 и 3.4. | 4*2=8 | | 8 |
| | **Вкупно:** | **48** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **136** |